Македонски Телеком АД - Скопје
Орце Николов 6б, 1000 Скопје

Македонски Телеком
АД за електронски комуникации - Скопје
Број 01- 32454/1
Датум 13-08-2010

**До:** Комисија за хартии од вредност на РМ
**Датум:** 13 август 2010 година
**Предмет:** Полугодишен извештај за периодот 01.01.2010 – 30.06.2010 година

## 1. Општи податоци

| | |
|---|---|
| Назив | Македонски Телеком, Акционерско друштво за електронски комуникации - Скопје |
| Седиште и адреса | Орце Николов бб, 1000, Скопје, Република Македонија |
| Телефон и факс | Тел: +389 2 3100 200 / Факс: +389 2 3100 300 |
| Адреса на електронската пошта | kontakt@telekom.mk |
| Адреса на интернет страницата | www.telekom.mk |

## 2. Правен статус

| | |
|---|---|
| Матичен број | 5168660 |
| Шифра на дејноста | 61.10 |
| Опис на дејноста | Дејности на жичани телекомуникации |
| Број на решение од Централниот Регистар | 08-03/3843/1 од 11.05.2006 |
| Датум на основање | - Основен суд Скопје 29.01.2001 година – АД Македонски Телекомуникации - Скопје во државна сопственост се трансформира во АД за телекомуникации Македонски телекомуникации - Скопје,<br>- На 11.05.2006 година е извршено и регистрирање во Централен регистар на РМ согласно законските прописи. |
| Статусни промени | - 29.01.2001 (Приватизација и промена на фирма од Акционерско друштво за телекомуникации Македонски телекомуникации во државна сопственост - Скопје во Акционерско друштво за телекомуникации Македонски телекомуникации – Скопје),<br>- 05.03.1998 (Преобразба на Јавно претпријатие за телекомуникации Македонски Телекомуникации Ц.О. - Скопје во Акционерско друштво за телекомуникации Македонски телекомуникации во државна сопственост - Скопје),<br>- 12.08.1997 (Основање – организирање на Јавно претпријатие за телекомуникации Македонски Телекомуникации Ц.О. - Скопје). |
| Број на подружници, филијали | - Т- Мобиле Македонија како посебно правно лице во 100% сопственост на Македонски Телеком АД - Скопје (МКТ),<br>- 44 подружници / Продажни места на МКТ што не се во својство на посебни правни субјекти. Иститe се регистрирани како подружници во согласност со Законот за трговски друштва согласно со кој секој субјект што извршува дејност на МКТ на друга локација освен во седиштето на дирекцијата на МКТ е регистриран како подружница. |
| Број на вработени на крајот на полугодието (30.06.2010) | 1.283 |
| Систем на управување | Едностепен |
| Име и презиме на прокуристот | Николај Бекерс |

## 3. Податоци за капиталот и промени во капиталот

| | |
|---|---|
| Вкупен износ на основната главнина во денари | 9.583.887.733,00 |
| Број на издадени акции | |
| - обични акции | 95.838.780 |
| - приоритетни акции (Златна акција) | 1 |
| Номинална вредност на обична акција | 100,00 денари |
| Номинална вредност на приоритетна акција | 9.733,00 денари |
| Емисија на акции | Во периодот на известување не е извршена емисија на акции на Македонски Телеком АД - Скопје. |
| Број и процент на сопствени акции во основната главнина на крајот на периодот (процент заокружен на две децимали) | 9.583.878 сопствени акции (10,00% од вкупниот број на издадени обични акции на Македонски Телеком АД - Скопје). |
| Податоци за стекнување на сопствени акции | |
| - датум и начин на стекнување | На владината аукција / редовно тргување што се одржа од 5 до 9 јуни 2006 година, Друштвото откупи 10,00% од владините акции во Македонски Телеком АД - Скопје. |
| - правен основ за стекнување | Сопствените акции се откупени во согласност со Одлуката на Собранието на акционери на Друштвото бр. 021-98576/1. |
| - количина | 9.583.878 |
| - поединечна цена | Од вкупно 9.583.878 откупени сопствени акции, 9.488.040 акции се откупени по цена од 389 денари, а 95.838 акции се откупени по цена од 390 денари. |
| Поделба на акции | Во периодот на известување не е извршена поделба на акции на Македонски Телеком АД - Скопје. |
| Број на акционери на крајот на периодот (30.06.2010) | 4.165 |
| Меѓународен идентификациски број на обични акции издадени од Друштвото - ИСИН број | MKMTSK101019 |
| Меѓународен идентификациски број на приоритетните акции издадени од Друштвото - ИСИН број | MKMTSK121017 |
| Сметка/и (трансакциона/и) на Друштвото и назив на институцијата која ја води | 200000090141316, Стопанска банка АД - Скопје |

## 4. Финансиски податоци и финансиска состојба на Друштвото

| | |
|---|---|
| Цена на обичните акции | |
| - највисока | 530,00 денари |
| - најниска | 416,00 денари |
| - последна цена | 510,00 денари |
| Цена на приоритетните акции | / |
| Пазарна капитализација (вредноста е пресметана со множење на вкупниот број на издадени обични акции со последната поединечна цена на обичните акции постигната на берзата на последниот ден за периодот за кој се известува) | 48.878 милиони денари |
| Подетално образложение за работењето на Друштвото со кое се ажурираат податоците објавени во претходниот годишен извештај | Образложението за работењето е дадено во прилог. |

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

До: Комисија за хартии од вредност на РМ
Ул. Димитрија Чуповски бр 26 1000 Скопје

Датум: 13.08.2010

Предмет: Образложение за работењето на Македонски Телеком АД - Скопје за периодот од 01.01.2010 до 30.06.2010

Подолу дадената анализа се однесува на консолидираните финансиски извештаи на Групацијата на Македонски Телеком АД - Скопје, која ги вклучува Македонски Телеком АД – Скопје, Т-Мобиле Македонија АД - Скопје и фондацијата е-Македонија – Скопје.

Во текот на првата половина од 2010 година, приходите на ниво на Групацијата прикажуваат пад од 4% во првото полугодие од 2010 година во споредба со истиот период од 2009 година. Приходите од фиксните телекомуникациски услуги бележат пад споредено со истиот период минатата година. Интернет приходите и понатаму бележат континуиран пораст како резултат на продолжување на трендот на пораст на бројот на АДСЛ интернет претплатници. Исто така, Македонски Телеком АД Скопје бележи приходи кои се остварени од продажба на новата услуга за дигитална телевизија преку интернет протокол ("IPTV"). Приходите од VPN услугата во фиксната телефонија бележат раст, при што се бележи пад на приходот од традиционалниот закуп на линии во фиксната телефонија. Приходот од продажба на странски пазар е зголемен како резултат на зголемениот дојдовен меѓународен сообраќај.

На страната на трошоците, трошокот за амортизација е зголемен во споредба со истиот период минатата година. Зголемувањето во позицијата Услуги се однесува на зголемени плаќања на домашни мобилни и фиксни оператори, делумно компензирајќи со опаднатите плаќања на меѓународни оператори. Останатите оперативни трошоци бележат пад во споредба со истиот период минатата година, како резултат на намалување на негативните курсни разлики и вредносното усогласување на побарувањата и залихите.

*На 13 февруари 2006 година, Magyar Telekom Plc., доминантниот сопственик на Друштвото, (преку Каменимост Комуникации АД – Скопје (во ликвидација), мнозински сопственик на Друштвото), објави дека е вршена истрага на одредени договори склучени од друга подружница на Magyar Telekom Plc., со цел да се утврди дали договорите биле склучени во спротивност на политиките на Magyar Telekom Plc.или важечките закони или регулативи. Одборот за ревизија на Magyar Telekom го ангажира White & Case како свој независен правен советник за целите на спроведувањето на интерната истрага. Последователно на ова, на 19 февруари 2007 година, Одборот на директори на Друштвото, врз основа на препораката на Одборот за ревизија на Друштвото и Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc. донесе одлука за спроведување на независна интерна истрага во однос на одредени договори во Македонија.*

*Дополнителни информации во врска со интерната истрага се содржани во финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2008 година и 2009 година.*

*Според информациите што му беа доставени на друштвото од страна на Magyar Telekom Plc. на 2 декември 2009 година, Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc., на Одоборот на директори на Magyar Telekom му достави „Извештај за Истрага до Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc.“ од 30 ноември 2009 година (во понатамошниот текст „Финален Извештај“). Одборот за ревизија на Magyar Telekom посочи дека истиот смета дека, со доставувањето на Финалниот извештај, врз основа на фактите достапни во моментот, White & Case ја заврши својата независна интерна истрага.*

*Според информациите доставени до Друштвото од страна на Magyar Telekom Plc., Финалниот Извештај ги вклучува следните наоди и заклучоци поврзани со македонските подружници на Magyar Telekom, врз основа на доказите што му беа достапни на Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc. и неговиот правен советник:*



Македонски Телеком АД Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

- *Како што беше претходно објавено, постојат докази дека одредени поранешни вработени намерно уништиле документи поврзани со активностите преземени во Македонија од страна на Magyar Telekom Plc. и неговите подружници.*

- *Во периодот помеѓу 2000 и 2006 година, мала група на поранешни членови на извршниот менаџмент на Magyar Telekom и македонските подружници на Magyar Telekom одобриле издатоци од приближно ЕУР 24 милиони , преку повеќе од 20 сомнителни договори за консултантки услуги, за лобирање и други договори (вклучувајќи и одредени договори помеѓу Magyar Telekom и неговите подружници од една страна и подружници на консултантска компанија со седиште во Кипар од друга страна). Финалниот извештај заклучува дека "достапните докази не утврдуваат дека договорите според кои се направени овие издатоци биле легитимни".*

- *Доказите покажуваат дека, спротивно на нивните услови, одреден број од овие договори биле склучени за да се стекнат конкретни регулаторни и други придобивки од Владата на Македонија. Друштвата генерално ги добиле бараните придобивки и потоа направиле издатоци врз основа на еден или повеќе од сомнителните договори. Постојат докази дека останатите договори биле исто така нелегитимни и креирале фонд на средства коишто биле достапни за други цели, а не за оние што биле утврдени во делокругот на договорите." Меѓутоа, правниот советник на Одборот за ревизија на Magyar Telekom немал пристап до доказите коишто би му овозможиле да ги идентификува крајните корисници на овие издатоци.*

- *При склучувањето на овие договори и одобрувањето на издатоците според истите, поранешните членови на извршниот менаџмент свесно предизвикале, структурирале или одобриле трансакции коишто претежно или целосно ги имале следниве заеднички карактеристики:*

  - *намерно заобиколување на внатрешните контроли;*

  - *лажни и што наведуваат на погрешни заклучоци корпоративни документи и записи;*

  - *недостаток на длабинска анализа и на следење на извршувањето на работата на изведувачите и застапниците во околности со висок ризик за корупција; недостаток на докази за извршувањето на работата; и*

  - *издатоци коишто не биле за целите наведени во договорите според коишто истите биле направени, туку биле наменети за добивање на користи за подружниците на Magyar Telekom коишто би можеле да бидат доделени само со посредство на Владата.*

- *Во Финалниот извештај е наведено дека „Истрагата не откри докази коишто укажуваат дека кои било македонски владини претставници или претставници на политичка партија примиле плаќања."*

*Како што беше објавено претходно, Magyar Telekom презеде корективни чекори со цел да ги реши прашањата претходно идентификувани со независната истрага, вклучувајќи и чекори наменети за ревидирање и подобрување на внатрешните контроли на Групацијата Magyar Telekom како и воспоставување на Корпоративна програма за усогласеност на Magyar Telekom.*

*Поради овие мерки, не се сметаше дека е потребно да се направат измени на Корпоративна програма за усогласеност како одговор на Финалниот извештај. Според информациите доставени до Друштвото од страна на Magyar Telekom, за овој заклучок беше разговарано со Одборот за ревизија на Magyar Telekom, и Одборот за ревизија на Magyar Telekom не даде препораки ниту во однос на програмата за усогласеност или внатрешните контроли на Magyar Telekom.*

*Во врска со издавањето на Финалниот извештај и информациите доставени до Друштвото од страна на Маѓар Телеком, во јануари 2010 година Претседателот на Одборот на директори на Друштвото побара правна и даночна експертиза од трета страна за проценка на потенцијалните сметководствени и даночни импликации што произлегуваат од трансакциите извршени од Друштвото и неговата подружница кои се предмет на Финалниот извештај.*

*Надворешните експерти изготвија извештаи (во понатамошниот текст: „Извештаите") за нивната проценка и ги доставија Извештаите до Претседателот на Одборот на директори на Друштвото и до Менаџментот на*

*Друштвото и неговата подружница, соодветно. Како резултат, врз основа на анализата на даночните и правните експерти и информациите што му беа достапни на Менаџментот во врска со трансакциите предмет на Финалниот извештај, беше идентификуван износ од МКД 248.379 илјади како потенцијално даночно влијание (заедно со поврзаната казнена камата) што произлегува од трансакциите спроведени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај. Исто така, вредноста на еден договор од МКД 105.147 илјади капитализирана во рамките на сопствените акции е корегирана како да овие плаќања биле прикажани како трошок во 2006 година отколку како капитализирани во рамките на сопствените акции како што беа првично известени. Другите договори што се идентификувани во Финалниот извештај и извештаите изготвени од даночните и правните експерти во врска со трансакциите извршени од страна на Друштвото и неговата подружница биле прикажани како трошок во поврзаните периоди (2001-2007 година), за кои не е потребно повторно прикажување.*

*Во моментов, во тек е даночна ревизија што ја врши Управата за јавни приходи за годините 2009 и 2008, по барањето на МКТ за поврат на данокот на добивка за 2009 година. Во оваа фаза, нема иницирано постапки ниту од страна на даночните инспектори што ја вршат тековната даночна ревизија ни од страна на даночните власти во однос на погоре опишаните трансакции.*

*Менаџментот смета дека во оваа фаза не треба да се направи ослободување на износите резервирани како резултат на наодите од истрагата на White and Case по 5 години застарување, во очекување на исходот од тековната даночна ревизија.*

*Во мај 2008 година, Министерството за внатрешни работи (МВР) на Република Макеодонија („РМ“) до Друштвото поднесе официјално писмено барање за информации и документација во однос на одредени плаќања за консултантски услуги и авансна дивиденда, како и одредени набавки и договори. Во јуни 2008 година, Друштвото достави копии од побараните документи. Во истиот период, Т-Мобиле Македонија исто така доби слични барања за доставување на одредена документација до Министерството за внатрешни работи на РМ којшто беше уредно доставена.*

*Во октомври 2008 година, Истражниот судија од Основниот суд Скопје 1 – Скопје (кривичен суд) му издаде официјален писмен налог на Друштвото да предаде одредена оригинална документација. Подоцна, во октомври 2008 година, Друштвото официјално и лично ја предаде побараната документација. Од МВР беа доставени дополнителни писмени барања, при што Друштвото ја обезбеди побараната документација.*

*Врз основа на јавни информации достапни од 10 декември 2008 година имаме сознанија дека Оделот за Организиран Криминал при МВР ги предал досиеата на канцеларијата на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција со предлог да се покрене кривична постапка против Attila Szendrei (поранешен Главен извршен директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Rolf Plath (поранешен Главен финансов директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Mihail Kefaloyannis (поранешен член на Одборот на директори во Каменимост и поранешен член на одборот на директори во Телемакедонија) и Zoltan Kisjuhász (поранешен Главен извршен директор на Каменимост и поранешен неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје) поради основано сомнение за извршено кривично дело. За овие лица се предлага да бидат обвинети за „злоупотреба на службена должност и овластувања“ на нивнитепозиции во Македонски Телеком АД - Скопје преку склучување на договори за консултантски услуги во однос на коишто немало намера ниту пак потреба од какви било услуги за возврат.*

*Основниот суд Скопје 1 во Скопје, Истражен оддел за организиран криминал достави покана до Друштвото во врска со кривичните пријави против претходно наведените лица и побара изјава дали Друштвото претрпело какви било штети како резултат на наведените договори за консултантски услуги.*

*По неколку одложувања на судското рочиште за истражната постапка што се води при Основниот Суд Скопје 1 Скопје, на рочиштето одржано на 13 април 2009 година, претставниците на Македонски Телеком АД – Скопје го презентираа ставот на Друштвото дека земајќи ја предвид тековната независна интерна истрага спроведувана од страна на White&Case, а одобрена од страна на Одборот на директори на Друштвото, прерано е да се најави каква било штета којашто би можела да биде причинета со спроведувањето на наведените договори или во врска со нив. По завршувањето на независната интерна истрага, Друштвото ќе го извести судот за својот конечен став во однос на евентуалната штета и кривичното гонење на обвинетите лица. На ден 09.04.2010 година, МКТ доби известување од страна на Бирото за судски вештачења, дека врз основа на Наредба на Основниот суд Скопје 1, определено е Бирото да изврши вештачење по предметот*



Македонски Телеком АД Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

*КИОК бр.66/08. Вештачењето беше планирано да се изврши на ден 16.04.2010 година.По барање на Адвокатот на г-дин Kefaloyannis, вештачењето е одложено за 11ти Мај, 2010 година.*

*На состанокот одржан на 11 мај 2010 година експертите од Министерството за правда на Република Македонија - Биро за судски вештачења - Скопје, побараа некои дополнителни документи од МКТ со цел да го подготват вештачењето. Следната средба ќе биде договорена на барање на Бирото за судски вештачења.*

*Претседателот на Одборот на директори на Друштвото и Менаџментот на Друштвото добија информација дека содржината на Финалниот извештај му била ставена на располагање и на македонското Јавно обвинителство. Менаџментот на Друштвото не може да предвиди дали македонското Јавно обвинителство ќе покрене каква било правна постапка ниту пак може да го предвиди видот и делокругот на правните дејствија врз основа на информациите содржани во Финалниот извештај.*

*Немаме сознанија за било какви информации како резултат на барања од било кое регулаторно тело или други надворешни страни, од кои би можеле да заклучиме дека финансиските извештаи може да бидат неточни, вклучувајќи го и ефектот од можни незаконски дејства.*

***Интерна ревизија во Т-Мобиле Македонија***

*Друштвото неодамна стекна сознанија за погрешни прикажувања во нејзината подружница Т-Мобиле Македонија во однос на признавањето на одредени однапред наплатени приходи од prepaid за првиот и вториот квартал од 2010 година, за годините што завршија на 31 декември 2007, 2008 и 2009 година, и периодите пред 2007 година, како што беше објавено на 5 август 2010 година и на веб страницата на Мађар Телеком, мнозински акционер на Друштвото преку Каменимост Комуникации АД - Скопје (во ликвидација). Врз основа на резултатите од интерната ревизија до денес, Друштвото ги корегираше преостанатите погрешни прикажувања во билансот на состојба за тековниот период. Исто така, Друштвото дополнително ги проценува влијанијата на овие погрешни прикажувања во смисла на нивното влијание врз претходните и тековните финансиски извештаи на Друштвото.*

*Друштвото ја прошири интерната ревизија на други конта поврзани со Т-Мобиле Македонија. Друштвото го информираше својот Одбор за ревизија, својот независен надворешен ревизор за отпочнувањето на интерна ревизија во врска со Т-Мобиле Македонија. Во моментов не можеме да предвидиме кога ќе заврши интерната ревизија, каков ќе биде конечниот исход од ревизијата, ниту какво дополнително влијание, доколку има, може ревизијата да има врз нашите претходно објавени или идните финансиски извештаи или резултати од работењето.*

13/08/10

**Николај Бекерс**

**Главен извршен директор**

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА УСПЕХ СПОРЕД МСФИ (ПО ПРИРОДА НА ТРОШОЦИ)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Друштво | Македонски Телеком АД - Скопје | | |
| Период на известување | 01.01.2010 - 30.06.2010 година | Матичен број | 5168660 |

(во илјади денари)

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | | Тековна година | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 01.01.2009 - 30.06.2009 | 01.04.2009 - 30.06.2009 | 01.01.2010 - 30.06.2010 | 01.04.2010 - 30.06.2010 | Во однос на претходна година | Во однос на претходно тримесечје |
| 1 | **ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ** | **9.053.722** | **4.611.873** | **8.690.666** | **4.432.825** | **96** | **96** |
| 2 | Приходи од продажба | 8.825.889 | 4.531.348 | 8.480.295 | 4.374.348 | 96 | 97 |
| 2а | Приходи од продажба на домашен пазар | 8.217.611 | 4.204.530 | 7.712.352 | 3.915.365 | 94 | 93 |
| 2б | Приходи од продажба на странски пазар | 608.278 | 326.818 | 767.943 | 458.983 | 126 | 140 |
| 3 | Промени на залихите на готови производи и производство во тек | - | - | - | - | - | - |
| 4 | Останати оперативни приходи | 227.833 | 80.525 | 210.371 | 58.477 | 92 | 73 |
| 5 | **ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | **-5.482.465** | **-2.747.651** | **-5.608.080** | **-2.715.644** | **102** | **99** |
| 6 | Набавна вредност на трговски стоки | -743.780 | -340.596 | -736.917 | -338.585 | 99 | 99 |
| 7 | Потрошени материјали, ситен инвентар и услуги | -2.314.444 | -1.168.490 | -2.389.425 | -1.238.599 | 103 | 106 |
| 7а | Потрошени материјали и ситен инвентар | -44.461 | -18.311 | -37.612 | -17.377 | 85 | 95 |
| 7б | Услуги | -2.269.983 | -1.150.179 | -2.351.813 | -1.221.222 | 104 | 106 |
| 8 | Промени на залихите на готови производи и производство во тек | - | - | - | - | - | - |
| 9 | Трошоци за вработените | -770.152 | -391.833 | -769.165 | -380.279 | 100 | 97 |
| 10 | Амортизација, оштетување на средства и резервирања | -1.442.998 | -708.787 | -1.579.754 | -695.500 | 109 | 98 |
| 10а | Амортизација | -1.442.159 | -708.471 | -1.486.195 | -743.905 | 103 | 105 |
| 10б | Нето загуби поради оштетување на средства | -433 | -202 | -4.622 | -984 | 1.067 | 487 |
| 10в | Резервирања за трошоци и ризици | -406 | -114 | -88.937 | 49.389 | 21.906 | -43.324 |
| 11 | Останати оперативни расходи | -211.091 | -137.945 | -132.819 | -62.681 | 63 | 45 |
| 12 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | **3.571.257** | **1.864.222** | **3.082.586** | **1.717.181** | **86** | **92** |
| 13 | Финансиски приходи | 3.129 | 3.121 | 2.790 | 2.790 | 89 | 89 |
| 14 | Приходи од вложувања, заеми и камати и курсни разлики | 238.686 | 101.244 | 224.131 | 118.768 | 94 | 117 |
| 15 | Останати приходи од финансирање | - | - | - | - | - | - |
| 16 | Финансиски расходи | -56 | -36 | -50 | -3 | 89 | 8 |
| 17 | Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 46.678 | 51.594 | -66.985 | -61.632 | -144 | -119 |
| 18 | Останати расходи од финансирање | - | - | - | - | - | - |
| 19 | **Добивка од редовно работење пред оданочување** | **3.859.694** | **2.020.145** | **3.242.472** | **1.777.104** | **84** | **88** |
| 20 | Данок од добивка | 23.730 | 32.192 | -27.965 | -9.159 | -118 | -28 |
| 21 | **Нето добивка по оданочување** | **3.883.424** | **2.052.337** | **3.214.507** | **1.767.945** | **83** | **86** |
| 22 | **Малцински интерес** | - | - | - | - | - | - |
| 23 | **Нето добивка за финансиската година** | **3.883.424** | **2.052.337** | **3.214.507** | **1.767.945** | **83** | **86** |

Николај Бекерс
**Главен извршен директор**



Македонски Телеком АД Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

## АНАЛИЗА НА КОНСОЛИДИРАНАТА ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА СПОРЕД МСФИ (ПО ПРИРОДА НА ТРОШОЦИ)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Друштво | Македонски Телеком АД Скопје | | |
| Период на известување | 01.01.2010 - 30.06.2010 година | Матичен број | 5168660 |

(во илјади денари)

| Р.Б. | Позиција | Претходна година | | Тековна година | | Индекси | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 01.01.2009 - 30.06.2009 | 01.04.2009 - 30.06.2009 | 01.01.2010 - 30.06.2010 | 01.04.2010 - 30.06.2010 | Во однос на претходна година | Во однос на претходно тримесечје |
| 1 | Приходи од продажба | 8.825.889 | 4.531.348 | 8.480.295 | 4.374.348 | 96 | 97 |
| 2 | Останати оперативни приходи | 227.833 | 80.525 | 210.371 | 58.478 | 92 | 73 |
| 3 | Набавна вредност на продадените стоки и услуги | -743.780 | -340.596 | -736.917 | -338.586 | 99 | 99 |
| 4 | Промени на залихите на готови производи и производство во тек | - | - | - | - | - | - |
| 5 | Потрошени суровини, материјали и ситен инвентар | -44.461 | -18.311 | -37.612 | -17.378 | 85 | 95 |
| 6 | Исправка на вредноста | -131.429 | -80.177 | -39.310 | -7.236 | 30 | 9 |
| 7 | Трошоци за вработените | -770.152 | -391.833 | -769.165 | -380.279 | 100 | 97 |
| 8 | Трошоци за продажба | -1.569.982 | -763.898 | -1.729.882 | -765.017 | 110 | 100 |
| 9 | Трошоци за услуги од други | -2.142.566 | -1.094.866 | -2.197.063 | -1.150.721 | 103 | 105 |
| 10 | Останати оперативни расходи | -80.095 | -57.970 | -98.131 | -56.428 | 123 | 97 |
| 11 | **ОПЕРАТИВНА ДОБИВКА** | **3.571.257** | **1.864.222** | **3.082.586** | **1.717.181** | **86** | **92** |

27.08.2010

**Николај Бекерс**
**Главен извршен директор**



Македонски Телеком АД Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

## КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБА СПОРЕД МСФИ

| Друштво | Македонски Телеком АД Скопје | | |
|---|---|---|---|
| **Период на известување** | 30.06.2010 година | **Матичен број** | 5168660 |

**(во илјади денари)**

| Позиција | 31.12.2009 | 30.06.2010 | Индекси |
|---|---|---|---|
| СРЕДСТВА | | | |
| ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА | **17.591.572** | **17.231.333** | **98** |
| Нематеријални средства | 2.888.065 | 2.748.008 | 95 |
| Недвижности, постројки и опрема | 14.472.543 | 14.233.101 | 98 |
| Вложувања во подружници | - | - | - |
| Вложувања во придружени претпријатија | - | - | - |
| Вложувања во хартии од вредност | 61.967 | 64.276 | 104 |
| Останати материјални средства | - | - | - |
| Останати долгорочни побарувања | 108.222 | 119.474 | 110 |
| Одложено даночно средство | 60.775 | 66.474 | 109 |
| ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | **14.256.906** | **17.557.042** | **123** |
| Залихи | 529.339 | 657.359 | 124 |
| Побарувања од купувачите | 2.663.634 | 2.986.207 | 112 |
| Останати побарувања | 458.293 | 329.299 | 72 |
| Краткорочни вложувања | 10.444.332 | 13.294.766 | 127 |
| Пари и парични еквиваленти | 161.308 | 289.411 | 179 |
| ВКУПНО СРЕДСТВА | **31.848.478** | **34.788.375** | **109** |
| ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА | | | |
| КАПИТАЛ И ОБВРСКИ | | | |
| КАПИТАЛ | **26.947.966** | **30.162.473** | **112** |
| Акционерски капитал | 6.386.189 | 6.386.189 | 100 |
| Резерви | 2.475.068 | 2.475.068 | 100 |
| Акумулирана добивка (загуба) | 18.086.709 | 21.301.216 | 118 |
| Малцински удел | - | - | - |
| ОБВРСКИ | **4.900.512** | **4.625.902** | **94** |
| ТЕКОВНИ ОБВРСКИ | **4.486.801** | **4.207.139** | **94** |
| Обврски спрема добавувачи и останати обврски | 3.484.813 | 3.129.898 | 90 |
| Обврски за краткорочни кредити | - | - | - |
| Краткорочни резервирања | 927.001 | 1.050.062 | 113 |
| Обврски кон државата | 74.987 | 27.179 | 36 |
| ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ | **413.711** | **418.763** | **101** |
| Обврски за долгорочни кредити | - | - | - |
| Обврски кон добавувачи и останати долгорочни обврски | - | - | - |
| Останати долгорочни резервирања | 413.711 | 418.763 | 101 |
| ВКУПНО КАПИТАЛ И ОБВРСКИ | **31.848.478** | **34.788.375** | **109** |
| ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-ПАСИВА | | | |

13/08/10

Николај Бекерс
**Главен извршен директор**



Македонски Телеком АД Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ НА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ СПОРЕД МСФИ

| Друштво | Македонски Телеком АД Скопје | | |
|---|---|---|---|
| Период на известување | 30.06.2010 година | Матичен број | 5168660 |

(во илјади денари)

| Позиција | 31.12.2009 | 30.06.2010 | Индекси |
|---|---|---|---|
| **А) Парични текови од оперативни активности** | **8.268.219** | **4.014.082** | **49** |
| **Нето добивка/загуба после оданочување** | **6.909.183** | **3.214.506** | **47** |
| *Прилагодување за:* | | | |
| Амортизација | 2.783.885 | 1.486.195 | 53 |
| Оштетување на средства и резервирања | 63.823 | 32.669 | 51 |
| Зголемување/намалување на залихи | -249.179 | -128.020 | 51 |
| Зголемување/намалување на купувачите | 41.964 | -322.573 | -769 |
| Зголемување/намалување на побарувања за аванси | -34.749 | -829 | 2 |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни побарувања | -153.816 | 196.206 | -128 |
| Зголемување/намалување на АВР | 22.672 | -66.384 | -293 |
| Зголемување/намалување обврски спрема добавувачите | -826.675 | -142.067 | 17 |
| Зголемување/намалување обврски за примени аванси | 11.820 | 6.953 | 59 |
| Зголемување/намалување на останати краткорочни обврски | 26.110 | 126.432 | 484 |
| Зголемување/намалување на ПВР | 188.927 | 8.004 | 4 |
| Расходи/приходи од камати | -428.956 | -224.081 | 52 |
| Исплатени/наплатени дивиденди | -3.118 | -2.789 | 89 |
| Расходи за платен данок | -253.339 | -81.471 | 32 |
| Капитална добивка/загуба од продажба на основни средства | -18.402 | -3.924 | 21 |
| Капитална добивка/загуба од продажба на вложувања | -3.032 | 0 | 0 |
| Останати парични приливи и одливи од оперативни активности | 191.101 | -84.745 | -44 |
| **Б) Парични текови од инвестициони активности** | **-2.075.562** | **-3.885.980** | **187** |
| Набавки на недвижности, постројки и опрема, нематеријални средства и сл. | -3.030.411 | -1.266.842 | 42 |
| Продажба на недвижности, постројки и опрема, нематеријални средства и сл. | 47.772 | 15.677 | 33 |
| Парични приливи од продажба на сопственички или должнички хартии од вредност на други правни лица и учество во заеднички вложувања | - | - | - |
| Парични исплати за стекнување на сопственички или должнички хартии од вредност на други правни лица и учество во заеднички вложувања | - | - | - |
| Парични аванси и заеми дадени на други лица (освен оние од финансиски институции) | -7.816 | -8.958 | 115 |
| Парични приливи од наплата на дадени аванси и заеми на други лица (освен оние од финансиски институции) | - | - | - |
| Приливи/ одливи од камати | 428.956 | 224.081 | 52 |
| Приливи/ одливи од дивиденди | 3.118 | 2.789 | 89 |
| Останати парични приливи и одливи од инвестициони активности | 482.819 | -2.852.727 | -591 |



Македонски Телеком АД Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ НА ПАРИЧНИ ТЕКОВИ СПОРЕД МСФИ (ПРОДОЛЖУВА)

| Друштво | Македонски Телеком АД Скопје | | |
|---|---|---|---|
| Период на известување | 30.06.2010 година | Матичен број | 5168660 |

(во илјади денари)

| Позиција | 31.12.2009 | 30.06.2010 | Индекси |
|---|---|---|---|
| **В) Парични текови од финансиски активности** | **-6.160.720** | **0** | **0** |
| Парични приливи од зголемување на капиталот преку издавање на акции или други сопственички хартии од вредност | - | - | - |
| Парични исплати за враќање на заеми | - | - | - |
| Парични приливи од издадени должнички хартии од вредност и останати земени краткорочни и долгорочни кредити и заеми | - | - | - |
| Стекнување на малцински интереси | - | - | - |
| Исплатена дивиденда | -6.160.720 | 0 | 0 |
| Откуп / продажба на сопствени акции | - | - | - |
| Парични исплати за намалување на обврските по основ на финансиски лизинг | - | - | - |
| **Зголемување/намалување на паричните средства** | 31.937 | 128.102 | 401 |
| **Парични средства на почеток на годината** | 129.371 | 161.309 | 125 |
| **Г) Парични средства на крајот на годината** | 161.308 | 289.411 | 179 |

13/08/10

Николај Бекерс
Главен извршен директор



Македонски Телеком АД Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

## КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ СПОРЕД МСФИ

| Друштво | Македонски Телеком АД Скопје | | |
|---|---|---|---|
| Период на известување | 30.06.2010 година | Матичен број | 5168660 |

(во илјади денари)

| Промени | Капитал на акционери | | | | Малцински интерес | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акционерски капитал | Премии на издадени акции | Резерви | Акумулирана добивка (загуба) | | |
| **Состојба на 1 јануари претходната година** | **5.845.530** | **540.659** | **2.475.068** | **17.338.246** | - | **26.199.503** |
| Уплата на акции | - | - | - | - | - | - |
| Откупени сопствени акции | - | - | - | - | - | - |
| Продадени сопствени акции | - | - | - | - | - | - |
| Конверзија на хартии од вредност | - | - | - | - | - | - |
| Добивка (загуба) за финансиската година | - | - | - | 6.909.183 | - | **6.909.183** |
| Распределба на добивката во корист на резервите | - | - | - | - | - | - |
| Распределба на добивката за дивиденди и останати надоместоци за акционерите | - | - | - | -6.160.720 | - | **-6.160.720** |
| Распределба на добивката за награди и користи за вработените | - | - | - | - | - | - |
| Останати резерви на банката | - | - | - | - | - | - |
| Процена на материјални средства | - | - | - | - | - | - |
| Усогласување на вложувањата расположливи за продажба до нивна објективна вредност | - | - | - | - | - | - |
| Реализирана капитална добивка од продажба на хартии од вредност | - | - | - | - | - | - |
| Евидентирање на загуби од подружници од претходните години по методот на главнина | - | - | - | - | - | - |
| Малцински интерес | - | - | - | - | - | - |
| Одложени даноци | - | - | - | - | - | - |
| Признаени приходи и расходи, нето | - | - | - | - | - | - |
| Курсни разлики | - | - | - | - | - | - |
| Останато зголемување/намалување на средства, нето | - | - | - | - | - | - |
| **Состојба на 31 декември претходната година** | **5.845.530** | **540.659** | **2.475.068** | **18.086.709** | **0** | **26.947.966** |
| Уплата на акции | - | - | - | - | - | - |
| Откупени сопствени акции | - | - | - | - | - | - |
| Продадени сопствени акции | - | - | - | - | - | - |
| Конверзија на хартии од вредност | - | - | - | - | - | - |
| Добивка (загуба) за финансиската година | - | - | - | 3.214.507 | - | **3.214.507** |
| Распределба на добивката во корист на резервите | - | - | - | - | - | - |
| Распределба на добивката за дивиденди и останати надоместоци за акционерите | - | - | - | - | - | - |
| Распределба на добивката за награди и користи за вработените | - | - | - | - | - | - |
| Останати резерви на банката | - | - | - | - | - | - |
| Процена на материјални средства | - | - | - | - | - | - |
| Усогласување на вложувањата расположливи за продажба до нивна објективна вредност | - | - | - | - | - | - |
| Реализирана капитална добивка од продажба на хартии од вредност | - | - | - | - | - | - |

КОНСОЛИДИРАН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИ ВО КАПИТАЛОТ СПОРЕД МСФИ (ПРОДОЛЖУВА)

| Друштво | Македонски Телеком АД Скопје | | |
|---|---|---|---|
| Период на известување | 30.06.2010 година | Матичен број | 5168660 |

(во илјади денари)

| Промени | Капитал на акционери | | | | Малцински интерес | Вкупно капитал |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Акционерски капитал | Премии на издадени акции | Резерви | Акумулирана добивка (загуба) | | |
| Евидентирање на загуби од подружници од претходните години по методот на главнина | - | - | - | - | - | - |
| Малцински интерес | - | - | - | - | - | - |
| Одложени даноци | - | - | - | - | - | - |
| Признаени приходи и расходи, нето | - | - | - | - | - | - |
| Курсни разлики | - | - | - | - | - | - |
| Останато зголемување/намалување на средства, нето | - | - | - | - | - | - |
| Состојба на 30 јуни во тековната година | 5.845.530 | 540.659 | 2.475.068 | 21.301.216 | 0 | 30.162.473 |

13/08/10

Николај Бекерс
Главен извршен директор



Македонски Телеком АД Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

Македонски Телеком АД Скопје
Орце Николов 66, 1000 Скопје

До: Комисија за хартии од вредност на РМ
Ул . Димитрија Чуповски бр 26 1000 Скопје

Датум: 13.08.2010

# ИЗЈАВА

Во согласност со Законот за хартии од вредност на РМ како и подзаконската регулатива, јас Николај Бекерс на функција Главен извршен директор во Македонски Телеком АД - Скопје, потврдувам дека доставениот полугодишен извештај за 2010 година е точен и вистинит.

*На 13 февруари 2006 година, Magyar Telekom Plc., доминантниот сопственик на Друштвото, (преку Каменимост Комуникации АД – Скопје (во ликвидација), мнозински сопственик на Друштвото), објави дека е вршена истрага на одредени договори склучени од друга подружница на Magyar Telekom Plc., со цел да се утврди дали договорите биле склучени во спротивност на политиките на Magyar Telekom Plc.или важечките закони или регулативи. Одборот за ревизија на Magyar Telekom го ангажира White & Case како свој независен правен советник за целите на спроведувањето на интерната истрага. Последователно на ова, на 19 февруари 2007 година, Одборот на директори на Друштвото, врз основа на препораката на Одборот за ревизија на Друштвото и Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc. донесе одлука за спроведување на независна интерна истрага во однос на одредени договори во Македонија.*

*Дополнителни информации во врска со интерната истрага се содржани во финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2008 година и 2009 година.*

*Според информациите што му беа доставени на друштвото од страна на Magyar Telekom Plc. на 2 декември 2009 година, Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc., на Одоборот на директори на Magyar Telekom му достави „Извештај за Истрага до Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc.“ од 30 ноември 2009 година (во понатамошниот текст „Финален Извештај“). Одборот за ревизија на Magyar Telekom посочи дека истиот смета дека, со доставувањето на Финалниот извештај, врз основа на фактите достапни во моментот, White & Case ја заврши својата независна интерна истрага.*

*Според информациите доставени до Друштвото од страна на Magyar Telekom Plc., Финалниот Извештај ги вклучува следните наоди и заклучоци поврзани со македонските подружници на Magyar Telekom, врз основа на доказите што му беа достапни на Одборот за ревизија на Magyar Telekom Plc. и неговиот правен советник:*

- *Како што беше претходно објавено, постојат докази дека одредени поранешни вработени намерно уништиле документи поврзани со активностите преземени во Македонија од страна на Magyar Telekom Plc. и неговите подружници.*
- *Во периодот помеѓу 2000 и 2006 година, мала група на поранешни членови на извршниот менаџмент на Magyar Telekom и македонските подружници на Magyar Telekom одобриле издатоци од приближно ЕУР 24 милиони , преку повеќе од 20 сомнителни договори за консултантки услуги, за лобирање и други договори (вклучувајќи и одредени договори помеѓу Magyar Telekom и неговите подружници од една страна и подружници на консултантска компанија со седиште во Кипар од друга страна). Финалниот извештај заклучува дека "достапните докази не утврдуваат дека договорите според кои се направени овие издатоци биле легитимни".*
- *Доказите покажуваат дека, спротивно на нивните услови, одреден број од овие договори биле склучени за да се стекнат конкретни регулаторни и други придобивки од Владата на Македонија. Друштвата генерално ги добиле бараните придобивки и потоа направиле издатоци врз основа на еден или повеќе од сомнителните договори. Постојат докази дека останатите договори биле исто така нелегитимни и креирале фонд на средства коишто биле достапни за други цели, а не за оние што биле утврдени во делокругот на договорите.“ Меѓутоа, правниот советник на Одборот за ревизија на Magyar Telekom*



Македонски Телеком АД Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
Контакт Телефон: +389 2 3100 200 ; Факс: +389 2 3100 300; Контакт центар 171
e-mail: kontakt@telekom.mk; www.telekom.mk
ЕМБС 5168660

*немал пристап до доказите коишто би му овозможиле да ги идентификува крајните корисници на овие издатоци.*

- *При склучувањето на овие договори и одобрувањето на издатоците според истите, поранешните членови на извршниот менаџмент свесно предизвикале, структурирале или одобриле трансакции коишто претежно или целосно ги имале следниве заеднички карактеристики:*
  - *намерно заобиколување на внатрешните контроли;*
  - *лажни и што наведуваат на погрешни заклучоци корпоративни документи и записи;*
  - *недостаток на длабинска анализа и на следење на извршувањето на работата на изведувачите и застапниците во околности со висок ризик за корупција; недостаток на докази за извршувањето на работата; и*
  - *издатоци коишто не биле за целите наведени во договорите според коишто истите биле направени, туку биле наменети за добивање на користи за подружниците на Magyar Telekom коишто би можеле да бидат доделени само со посредство на Владата.*
- *Во Финалниот извештај е наведено дека „Истрагата не откри докази коишто укажуваат дека кои било македонски владини претставници или претставници на политичка партија примиле плаќања."*

*Како што беше објавено претходно, Magyar Telekom презеде корективни чекори со цел да ги реши прашањата претходно идентификувани со независната истрага, вклучувајќи и чекори наменети за ревидирање и подобрување на внатрешните контроли на Групацијата Magyar Telekom како и воспоставување на Корпоративна програма за усогласеност на Magyar Telekom.*

*Поради овие мерки, не се сметаше дека е потребно да се направат измени на Корпоративна програма за усогласеност како одговор на Финалниот извештај. Според информациите доставени до Друштвото од страна на Magyar Telekom, за овој заклучок беше разговарано со Одборот за ревизија на Magyar Telekom, и Одборот за ревизија на Magyar Telekom не даде препораки ниту во однос на програмата за усогласеност или внатрешните контроли на Magyar Telekom.*

*Во врска со издавањето на Финалниот извештај и информациите доставени до Друштвото од страна на Маѓар Телеком, во јануари 2010 година Претседателот на Одборот на директори на Друштвото побара правна и даночна експертиза од трета страна за проценка на потенцијалните сметководствени и даночни импликации што произлегуваат од трансакциите извршени од Друштвото и неговата подружница кои се предмет на Финалниот извештај.*

*Надворешните експерти изготвија извештаи (во понатамошниот текст: „Извештаите") за нивната проценка и ги доставија Извештаите до Претседателот на Одборот на директори на Друштвото и до Менаџментот на Друштвото и неговата подружница, соодветно. Како резултат, врз основа на анализата на даночните и правните експерти и информациите што му беа достапни на Менаџментот во врска со трансакциите предмет на Финалниот извештај, беше идентификуван износ од МКД 248.379 илјади како потенцијално даночно влијание (заедно со поврзаната казнена камата) што произлегува од трансакциите спроведени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај. Исто така, вредноста на еден договор од МКД 105.147 илјади капитализирана во рамките на сопствените акции е корегирана како да овие плаќања биле прикажани како трошок во 2006 година отколку како капитализирани во рамките на сопствените акции како што беа првично известени. Другите договори што се идентификувани во Финалниот извештај и извештаите изготвени од даночните и правните експерти во врска со трансакциите извршени од страна на Друштвото и неговата подружница биле прикажани како трошок во поврзаните периоди (2001-2007 година), за кои не е потребно повторно прикажување.*

*Во моментов, во тек е даночна ревизија што ја врши Управата за јавни приходи за годините 2009 и 2008, по барањето на МКТ за поврат на данокот на добивка за 2009 година. Во оваа фаза, нема иницирано постапки ниту од страна на даночните инспектори што ја вршат тековната даночна ревизија ни од страна на даночните власти во однос на погоре опишаните трансакции.*

*Менаџментот смета дека во оваа фаза не треба да се направи ослободување на износите резервирани како резултат на наодите од истрагата на White and Case по 5 години застарување, во очекување на исходот од тековната даночна ревизија.*

*Во мај 2008 година, Министерството за внатрешни работи (МВР) на Република Макеодонија („РМ") до Друштвото поднесе официјално писмено барање за информации и документација во однос на одредени плаќања за консултантски услуги и авансна дивиденда, како и одредени набавки и договори. Во јуни 2008 година, Друштвото достави копии од побараните документи. Во истиот период, Т-Мобиле Македонија исто така доби слични барања за доставување на одредена документација до Министерството за внатрешни работи на РМ којшто беше уредно доставена.*

*Во октомври 2008 година, Истражниот судија од Основниот суд Скопје 1 - Скопје (кривичен суд) му издаде официјален писмен налог на Друштвото да предаде одредена оригинална документација. Подоцна, во октомври 2008 година, Друштвото официјално и лично ја предаде побараната документација. Од МВР беа доставени дополнителни писмени барања, при што Друштвото ја обезбеди побараната документација.*

*Врз основа на јавни информации достапни од 10 декември 2008 година имаме сознанија дека Оделот за Организиран Криминал при МВР ги предал досиеата на канцеларијата на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција со предлог да се покрене кривична постапка против Attila Szendrei (поранешен Главен извршен директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Rolf Plath (поранешен Главен финансов директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Mihail Kefaloyannis (поранешен член на Одборот на директори во Каменимост и поранешен член на одборот на директори во Телемакедонија) и Zoltan Kisjuhász (поранешен Главен извршен директор на Каменимост и поранешен неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје) поради основано сомнение за извршено кривично дело. За овие лица се предлага да бидат обвинети за „злоупотреба на службена должност и овластувања" на нивнитепозиции во Македонски Телеком АД - Скопје преку склучување на договори за консултантски услуги во однос на коишто немало намера ниту пак потреба од какви било услуги за возврат.*

*Основниот суд Скопје 1 во Скопје, Истражен оддел за организиран криминал достави покана до Друштвото во врска со кривичните пријави против претходно наведените лица и побара изјава дали Друштвото претрпело какви било штети како резултат на наведените договори за консултантски услуги.*

*По неколку одложувања на судското рочиште за истражната постапка што се води при Основниот Суд Скопје 1 Скопје, на рочиштето одржано на 13 април 2009 година, претставниците на Македонски Телеком АД - Скопје го презентираа ставот на Друштвото дека земајќи ја предвид тековната независна интерна истрага спроведувана од страна на White&Case, а одобрена од страна на Одборот на директори на Друштвото, прерано е да се најави каква било штета којашто би можела да биде причинета со спроведувањето на наведените договори или во врска со нив. По завршувањето на независната интерна истрага, Друштвото ќе го извести судот за својот конечен став во однос на евентуалната штета и кривичното гонење на обвинетите лица. На ден 09.04.2010 година, МКТ доби известување од страна на Бирото за судски вештачења, дека врз основа на Наредба на Основниот суд Скопје 1, определено е Бирото да изврши вештачење по предметот КИОК бр.66/08. Вештачењето беше планирано да се изврши на ден 16.04.2010 година. По барање на Адвокатот на г-дин Kefaloyannis, вештачењето е одложено за 11ти Мај, 2010 година.*

*На состанокот одржан на 11 мај 2010 година експертите од Министерството за правда на Република Македонија - Биро за судски вештачења - Скопје, побараа некои дополнителни документи од МКТ со цел да го подготват вештачењето. Следната средба ќе биде договорена на барање на Бирото за судски вештачења.*

*Претседателот на Одборот на директори на Друштвото и Менаџментот на Друштвото добија информација дека содржината на Финалниот извештај му била ставена на располагање и на македонското Јавно обвинителство. Менаџментот на Друштвото не може да предвиди дали македонското Јавно обвинителство ќе покрене каква било правна постапка ниту пак може да го предвиди видот и делокругот на правните дејствија врз основа на информациите содржани во Финалниот извештај.*



Македонски Телеком АД Скопје
Адреса Орце Николов 66, 1000 Скопје, Р. Македонија
